**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-118/1**
**Скопје, 23.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ШУТО ОРИЗАРИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Шуто Оризари за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Шуто Оризари за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Ердоан Исени, градоначалник на општина Шуто Оризари за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 07.11. до 18.11.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Катерина Чалоска - Помлад ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Спротивно на одредбите на Законот за буџетите, дотациите на парични средства од сметката на Буџетот на сметката на Органот на општина Шуто Оризари, се вршат без одредена намена, односно не се дотираат средствата наменски за одредени расходи туку истото се врши со дотација на определен износ на парични средства кои се трошат во органот спрема дневните потреби. Со тоа се губи можност за следење на наменското трошење на средствата од буџетот. Истото е резултат на една подолго применувана пракса, без да се почитуваат законските одредби.
**Препорака:**
По овој наод ревизијата не дава препораки од причина што со воведувањето на трезорското работење оваа неправилност ќе се надмине.

10.1.2. Не е извршено усогласување на Статутот, актите за работа и актите за систематизација на Општината, согласно членот 91 и 94 од Законот за локална самоуправа. Непочитувањето на Законот за локална самоуправа и неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови придонесува за незаконско работење на единицата за локална самоуправа и неможност за пополнување на оптимално потребните работни места.
**Препорака:**
Службите на општината, работите од нивна надлежност, да ги извршуваат по ажурно и во роковите предвидени со позитивните законски прописи.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Шуто Оризари на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Буџетот на општина Шуто Оризари остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2004 година.

13. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Шуто Оризари за 2000 година ревизијата утврди дека за наодите изнесени во точката 10.4. и 10.6. од страна на субјектот не се преземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 19.01. 2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Буџет на ЕЛС ШУТО ОРИЗАРИ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | **3.3.** | 7,025 | 8,378 |
| Неданочни приходи | **3.4.** | 632 | 585 |
| Трансфери и донации | **3.5.** | 7,367 | 10,765 |
| **Вкупно приходи** | | **15,024** | **19,728** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.1.** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 3,662 | 3,863 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 5,284 | 8,734 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 402 | 885 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **9,348** | **13,482** |
| **Капитални расходи** | **3.2.** | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 5,052 | 4,622 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **5,052** | **4,622** |
| **Вкупно расходи** | | **14,400** | **18,104** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **624** | **1,624** |

**Буџет на ЕЛС ШУТО ОРИЗАРИ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 624 | 1,504 |
| Побарувања | 4.1.2. | 240 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **864** | **1,504** |
| **Вкупна актива** | | **864** | **1,504** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 864 | 1,504 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **864** | **1,504** |
| **Вкупна пасива** | | **864** | **1,504** |